Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-742/3
24-10-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 742/1 од 16.10.2023 година, поднесена од [redacted] против ООУ ,,Св. Климент Охридски" – Делчево за сторена дискриминација врз основа на здравствена состојба во областа на работата и работните односи и социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 24.10.2023 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ЗАПИРА** постапката заведена под архивски број 08 - 742 од 16.10.2023 година заради претходно постапување на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 16.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на здравствена состојба во областа на работата и работните односи и социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита од страна на подносителката [redacted] против ООУ ,,Св. Климент Охридски" - Делчево.

Комисијата утврди дека веќе постапувала и донела Мислење бр. 08-30/3 од 8.2.2023 година со кое утврдила директна дискриминација врз основа на здравствена состојба во областа на работата и работните односи, постапувајќи по претставка бр. 08-639/1 од 21.11.2023 година, во која е истакната истата фактичка состојба како и во претставката 08-742/1 од 24.10.2023 година. Во врска со претходното, член 27 став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација гласи *,,Комисијата носи заклучок за неповедување на постапката за претставка за која веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа го известува подносителот."*

Врз основа на горенаведеното, согласно член 27 став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и не поведе постапка за заштита од дискриминација.

Скопје
24.10.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk